УДК: 159.923:17.033.1
791.31:[373.5.091.33-027.22(73):329.18(430)

# БРАНОТ: ЧОВЕЧКАТА ПСИХОЛОГИЈА И АВТОРИТАРНОСТА

**Јасна Котеска**

(**Abstract**)
The article analyzes the implications of the social experiment known as The Third Wave from 1967, as well as its film adaptation in the German movie "The Wave" (2008) by Dennis Gansel. It addresses several issues related to the experiment, such as: the questions of human responsibility, how the authoritarian ideology is being implemented, what is the relationship between a human being and his/her social role, what is the difference between authoritarianism and fascism, ethics vs free will, and finally how to conceptualize the thinking related to human actions.

**Keywords:** The Wave, social experiments, authoritarianism, social role, human psyche, ethics vs free will, the concept of thinking

## Четири типа одговорност кај Јасперс

Текстот што следува се занимава со неколку прашања од етичка природа: Како се создава авторитарната идеологија, дали луѓето се податливи за авторитаризам и следат наредби дури и кога се спротивни на нивните убедувања, како е возможно радикализирање на милиони луѓе кои чинат зло? Каква е врската помеѓу моралот и слободната волја? И конечно, дали постои слободна волја?

Сите овие прашања се адресирани во филмската адаптација на социјалниот експеримент екранизиран во германскиот филм „Бранот" (The Wave, 2008) на режисерот **Денис Гансел** (Dennis Gansel). Повод за текстот е социјалниот експеримент кој се случува помеѓу 6

и 10 април 1967 во училиште во американскиот град Пало Алто, кој во стручната литература од областа на социјалната психологија денес се води под името *Експериментот на Третиот бран*. Заедно со *Милграм експериментот* од 1963 и *Затворскиот експеримент на Стенфорд* од 1971, овие три експерименти во XX век донесоа неочекувани увиди во човечката наклонетост кон авторитарноста и морално (не)расудување. Но, најнапред неколку контекстуални рамки за разбирање на проблематиката на *Третиот бран*.

Кога во 1996 година се појави книгата на **Даниел Голдхаген** *Доброволните џелати на Хитлер* таа предизвика многу контроверзии затоа што во неа се тврдеше дека: бројот на убиените Евреи им бил познат на повеќето Германци; и дека одбивањето да се учествува во геноцидот над Евреите не било казнувано со смрт, ниту со каква било неправда. Отворањето на Штази-архивите во Германија го потврди истото – дека оние што одбиле да соработуваат со тајните служби на комунизмот не претрпеле никаква лична штета. Моралните избори биле возможни, но луѓето се наклонети да ги поддржуваат професионалните и етичките кодови на апстрактната државна машинерија. Овие увиди фрлија непријатно светло врз *параметрите* под кои се случуваат масовните злосторства. Масовните злосторства се возможни само со премолчена соработка на сите со сите, а се обезбедени преку идеолошкиот штит на авторитарните идеологии.

Студиите за затворската тортура го потврдуваат истото. Тортурата во најопшта смисла не функционира, од оној што го измачуваш не можеш да добиеш релевантен податок, а тортурата се одржува како мит со причина. Во книгата *Тортура и демократија* (2007) **Дариус Реали** вели:

> Тортурата не е корисна за собирање информации. Луѓето мислат дека тортурата била ефикасна за Гестапо, на пример. Не била. Тоа што го правело Гестапо така застрашувачки ефикасно била неговата зависност од соработката на народот. Шпионите се главната причина за долгогодишното уништување на отпорот во Европа, и сите го знаеле тоа, но позгодно било да се каже дека Гестапо го извлекол тоа од нас – тепајќи нѐ“[1].

[1] Michael Bond, “I Walk in Ghosts and Shadows”, *New Scientist,* 23 februari, 2008, 45.

Кога обвинителите во Нирнберг им ги поставиле на сведоците против **Ајхман** прашањата: „Зошто не протестиравте? Зошто се качивте во возот? Петнаесет илјади луѓе стоеја таму, а стотици чувари ве гледаа – зошто не се побунивте, не се растрчавте или зошто не ги нападнавте?“[2], **Хана Арент** со право вели дека прашањата се сурови и глупави. Целиот триумф на садистичката структура на СС-овците се базирал на таков тип измачување што потоа жртвата да дозволи самата да биде одведена до јамата без протест, самата да се одрече од секаков квалитет на човечки отпор, како што кажува еден поранешен затвореник на нацистичките логори „системот кој ги уништува жртвите пред да стапнат на губилиштето е... неспоредливо подобар за држење на цел народ во ропство“[3]. Најдобро е да создадеш таков систем, во кој луѓето доброволно ќе одат како „кукли кон сопствената смрт“.

Во 1947, непосредно по крајот на Втората светска војна, **Карл Јасперс** разграничи четири типа одговорност, поврзани со категоризацијата на четирите сфери на „реалноста во светот“: материја, живот, душа и дух[4]. Првиот тип одговорност е криминалниот – тоа е кога има јасно кршење на законот. Вториот е политичкиот – секој човек е одговорен за начинот на кој со него се управува. Третиот е моралниот – „наредбата е наредба“ е неприфатливо гесло затоа што злосторството останува злосторство коешто ти си го извршил, дури и да го наредил друг човек. А четвртиот тип е метафизичката одговорност – човек мора да биде солидарен со друг човек како принцип на најбазичната планетарна метафизика, секој е со-одговорен за грешките и за неправдата, за неспречување да се случи злосторството[5]. Не постои, вели Јасперс, заедничка црта на сите луѓе кои припаѓаат на една група, идеологија, нација и во таа смисла најопшто *не постои колективна вина*. Но, додека е морално апсурдно да се осудуваат сите луѓе подеднакво во политичка смисла, она што на сите луѓе без исклучок им треба е идејата за одговорност во морална и во метафизичка смисла.

[2] Хана Арент, *Ајхман во Ерусалим*. Темплум, Скопје, 2003, 20.

[3] Исто, 21.

[4] Karl Jaspers, *The Question of German Quilt*, with a new introduction by Joseph W. Koterski, s.j., translated by E. B. Ashton, Fordham University Press, 2001, xx.

[5] See: Karl Jaspers, *The Question of German Quilt*, x and Nensi Adler, *Preživeli iz Gulaga*. Beogradski krug, Beograd, 2005, 43-47.

Љубљанската школа на психоанализата ја издвои следната реченица од *Капиталот* на **Карл Маркс** како темелна дефиниција на идеологиите: „Не знаат, но го прават тоа". Но оваа реченица не е доволно прецизна, бидејќи во најголем број случаи луѓето не се политички слепи. Тие секогаш претпоставуваат дека нешто се случува, но одбираат да се приклучат кон помоќниот или не реагираат. Тие или слепо ги следат наредбите или пак го игнорираат садизмот на системите и со тоа стануваат категорија, која во стручната литература се нарекува „неутрални граѓани". Психологијата на масата и индивидуалната одговорност се дел и од прашањата кои ги отвора филмот „Бранот".

**Човекот и социјалната ролја.**
**Експерименти од социјалната психологија**

*Експериментот на Милграм* е серија тестирања кои во 1963 година ги води **Стенли Милграм**, професор по психологија на Универзитетот во Јеил. Субјектите на експериментот се „наставници" кои се инструирани во градација да нанесуваат посилни електрошокови врз „учениците", а прашањето на Милграм е до каде сè луѓето се подготвени да се потчинат на наредбата што ќе ја добијат, без оглед на последиците од евентуалната штета и болка што би ја нанеле, дури и кога дејството се спротивставува на нивните лични уверувања. Во експериментот учествувале 40 субјекти во улога на „наставници" врз субјектите кои перформирале улога на „ученици". „Учениците" знаеле дека станува збор за експеримент и ги глумеле болката и страдањето од електрошоковите, но „наставниците" не знаеле дека се тестира само нивното индивидуално прифаќање или одбивање да ја следат наредбата. Резултатите од тестирањата на Милграм покажале дека 65% (26 од вкупно 40 субјекти на тестирањето) го завршиле експериментот нанесувајќи ја максималната волтажа од 450 волти (луѓето може да поднесат 45 волти електрошокови, да преживеат од 40 до 230 волтажа доколку не се допираат до земја, но кој било уред над 120 волти за луѓето може да предизвика смртна опасност). Кај сите 26 субјекти „наставници" била регистрирана нелагодноста од почитувањето на наредбата и во различни фази од експериментот секој од нив го паузирал нанесувањето болка и се обидел да го постави под прашање целиот експеримент, но ниеден не го сторил тоа пред да започне да

ја следи наредбата за нанесување над 300 електроволти шок врз „ученикот“, а 26 од 40 субјекти го завршиле експериментот нанесувајќи ја најголемата електроволтажа. „Учениците“ лажно ја глумеле болката, но експериментот бил насочен кон испитување на некритичкото прифаќање на наредбите. Милграм првпат го осветли непријатниот факт дека луѓето имаат тенденција некритички да ги следат авторитетите и наредбите, дури и кога акцијата се спротивставува на нивните лични уверувања, сè додека системот на наредби гарантира дека не се лично одговорни за евентуалната штета која би настанала[6].

*Затворскиот експеримент од Стенфорд* се случува во 1971 со цел да се определи психолошкиот ефект врз луѓето на кои им е доделена ролјата на затвореници или на чувари на затворот и колку луѓето се поистоветуваат со социјалните ролји кои им се зададени. Во експериментот учествувале 24 студенти, дел како затвореници, дел како чувари на затворот, а биле сместени во подрумот на Универзитетот Стенфрод, адаптиран да потсетува на ќелија. Учесниците кои имале ролја на затвореници добиле затворски униформи, бројчиња според кои биле повикувани наместо имиња, а чуварите имале неколку прецизни задачи: да создадат чувство на здодевност и страв кај „затворениците“, потоа да создадат впечаток на „произволност“, т.е. систем во кој не важат правилата, а чуварот има контрола над затвореникот и отсуство на приватност. Психологот **Филип Зимбардо** кој го водел експериментот го прекинал шестиот ден зашто околностите излегле од контрола и субјектите на експериментот се идентификувале со

[6] Во Стенли *Милграм експериментот*, кој се одвивал во две простории на Универзитетот Јеил, едната соба била адаптирана во „просторија за ученикот“ со стол за нанесување електрошокови, а другата во просторија за „учителот“, во која се наоѓал лажниот генератор за шокови. Уредот за лажни електрошокови имал триесет прекинувачи означени со различна волтажа од 15 (каде што било запишано „мал шок“) до 450 (каде што било запишано „опасност: тежок шок“). Во тестот, „ученикот“ најчесто намерно давал погрешни одговори со цел да се тестира потенцијалот на „учителот“ да нанесува поголема казна преку електрошокови. Доколку „учителот“ одбиел да нанесе поголема електроволтажа како казна, експериментаторот имал четири однапред определени наредби со кои се обезбедувал дека „наставникот“ ќе го продолжи тестот: „Ве молам, продолжете“, „За експериментот е потребно да продолжите“, „Неопходно е да продолжите“ и „Немате друг избор, освен да продолжите“. Стенли Милграм направил 18 различни верзии од истиот тест во текот на својата студија.

своите ролји, „затворениците“ се чувствувале понижени и малтретирани, кренале бунт, а „чуварите“ ги малтретирале затворениците со повторување на нивните броеви, користење физички казни, забрана за користење на тоалетот итн. Кога во 2004 година се појавија сликите за садизмот и затворската тортура од ирачкиот затвор *Абу Греиб* од страна на чуварите на затворот од коалицијата предводена од Соединетите Американски Држави, експериментот од Стенфорд повторно стана предмет на анализи во контекст на начините на кои следењето на наредбите од повисоки инстанци ги претвора вработените во армија на вршители на тортура и насилства.

Овие два експеримента покажуваат дека социјалниот поредок подразбира дека човекот се „соединува“ со извесна театарска верзија на самиот себеси и дека луѓето ја „преземаат“ и се сообразуваат со ролјата која им е доделена или си ја доделиле во социјалниот поредок. Социјалниот поредок е изграден така што луѓето се „вградуваат“ во изведбата, во симболичка табела на вредностите. Тоа не е реален систем, но е „животворен“. Луѓето се кодирани и учествуваат во кодирањето, со цел да се создаде некаква верзија на *жив театар*[7], како што го нарекува **Радомир Константиновиќ**, некаква симулација на животот. Луѓето не се *овие* конкретни луѓе, туку некаква апстракција на „чистите“ содржини. Човекот не е некаков човек-по-себе, туку дел од таблицата на социјалниот поредок. Човекот ја *толкува* својата улога, тој е театарски материјал.

Во првите години на рускиот комунизам кога во Санкт Петербург се прославуваат трите години од Октомвриската револуција, прославата со наслов „Јуришот на Зимскиот дворец“ (1920) којашто личи на масовен театар, ја режира **Николај Евреинов**, а во приредбата учествувале 10.000 актери од редовите на војската и морнарицата, истите тие војници и морнари кои фактички биле дел во Револуцијата од 1917. **Сузан Бак-Морс** пишува: „Иако (Јуришот на Зимската палата) била глума, а не стварност, а пушките не биле наполнети, војниците и морнарите се играле себеси“[8]. Војниците и морнарите кон Зимскиот

[7] Радомир Константиновиќ, *Филозофија на паланката*. Лист, Скопје, 2000, 17.

[8] Suzan Bak-Mors, *Svet snova i katastrofa*. Beokrug, Beograd, 2005, 184.

дворец се однесувале како кон „џиновски актер“[9]. Во овој жив театар се вклучила и 100.000 публика (1/4 од жителите на тогашниот Санкт Петербург), а „играњето“ на Револуцијата се изведувало на истото место каде што пред три години фактички се случила Револуцијата. Познатиот руски формалист **Виктор Шкловски** пишува: „Некаков елементарен процес се одвива таму каде што живото ткиво на луѓето е претворено во театар“[10]. Тој елементарен процес е претворање на човекот во симбол, не во апстрактен симбол на уметноста, туку во жив човечки материјал, „театар без ѕидови и без завеси, театар чија сцена се наоѓа насекаде“[11]. За елементарниот процес кој е претворање на човекот во ролјата која треба да ја перформира пишува српскиот филозоф **Радомир Константиновиќ**, кога вели дека човекот е составен дел од „театарот без ѕидови и без завеси, театар чија сцена се наоѓа насекаде“[12].

Во *Хамлет* на **Шекспир** има реченица која брилијантно го објаснува местото на водачот. „Кралот е предмет“, вели Хамлет кога Розенкранц го прашува: „Мора да ни кажете, принцу, каде е телото (на кралот)“. Хамлет одговара: „Телото е со кралот, но кралот не е со телото. Кралот е предмет“[13]. Почетната точка на секое живеење, но и на воспоставувањето технологија на власта е оваа *радикална празнотија*, лидерот е без свое тело, секаква смисла мора да биде евакуирана од лидерот, меѓу другото, со цел тој да ја отелотвори точката на моќ.

Во 1950-тите години во Сараево е одржана филозофската трибина „Човечките ликови на Маркс, Енгелс и Ленин“ и скандалот настанал кога филозофот **Љубомир Тадиќ** рекол дека **Маркс** и **Ленин** се неспорно поголеми умови од **Енгелс**, но нему лично Енгелс најмногу му се допаѓа затоа што Енгелс (еднаш изјавил) дека „без Французинките не би имало смисла да се живее“[14]. Овој скандал е очекуван, бидејќи во авторитарни режими често може да се забележи дека во нивното

[9] Исто, 187.

[10] Slavoj Žižek, *The Universal Exception*. Continuum, London, New York, 2006, 48.

[11] Радомир Константиновиќ, *op. cit.*, 17.

[12] Исто место.

[13] Viljem, Šekspir, *Hamlet*. Izdavačko preduzeće “Rad”, Beograd, 1962, 102.

[14] Milomir Marić, *Deca komunizma*. Mladost, Beograd, 1988, 7-8.

историско време граѓаните никогаш не дознаваат ништо значајно од животите на своите лидери, и обратно, кога настанува експлозија од најтривијалните детали од нивните животи, значи дека системот се распаѓа. Така е случајот со лицитирањето околу интимниот живот и познати и непознати љубовници на маршалот **Тито**, броењето на абортусите на сопругите на **Сталин**, а тука е и фасцинацијата со документарниот филм „Тито-посмртна автобиографија" на **Сергеј Косина**, каде што во една долга воведна сцена е прикажан Маршалот како се бричи! Пораката не е дека Тито е „човек" и човечки е да му расте брадата, туку сосем обратно. Овој Маршал може дури и да се бричи и да става колонска вода, но „секојдневните" дневни гестови сепак нема од лидерот да направат „човечки материјал", неговото потекло ќе остане мистериозно и заслепувачко; оттука неколку години во државите од поранешната југословенска федерација наизменично се обновува фантазматичното прашање: Кој бил, всушност, Тито (дали бил австриски благородник кој подоцна го презел идентитетот на хрватски селанец)?

Слична случка соопштува и југословенскиот лидер **Маслариќ** кога ги води студентите на жетва во тогашна Источна Германија. На свечената трибина за време на првомајскатата парада студентите оддалеку го виделе Сталин и Маслариќ го опишал лидерот на советскиот комунизам со следните зборови:

> Не можевме добро да ги видиме **Сталин** и останатото раководство, гледајќи ги од страна, изгледаа добро најадени и рамнодушни. Но движењата на нивните раце и одмавнувањата на поздравите до трудбениците изгледаа некако *механички*. Како да ги прават *автомати* (подв. мое)[15].

Сталин го усвојува резонот на Автоматонот; станува конгломерат на човечкото и технолошкото, затоа што знае дека Лидерот треба да перформира, да се пресоздаде себеси во Автоматон, рамнодушен како автомат, со механички поздрав кон масите, на начин на кој ја перформира и преку себеси ја отелотворува технологијата на власта.

[15] Исто, 20.

Судбината на словенечкиот комунистички револуционер **Јоже Јуранчич** за кој пишува **Славој Жижек** е уште еден пример. По капитулацијата на фашистичка Италија во 1943 год. Јуранчич го предводи востанието на југословенските затвореници од концентрациониот камп на островот Раб, во кој 2.000 изгладнети затвореници успеваат да разоружуваат 2.200 италијански војници, кои ги држат во заробеништво. По војната, Јуранчич е уапсен и затворен на Голи Оток и оттаму во 1953 г. е мобилизиран, заедно со другите затвореници да го изгради споменикот за прославата на 10-годишнината од востанието на Раб. Со други зборови, Јуранчич е осуден да го изгради споменикот за самиот себеси[16]. Пораката гласи дека овој човек не е конкретен човек. Не е тоа Јоже Јуранчич, предводникот на востанието на Раб. Тој е кој било комунист, на местото на Јоже можел да биде кој било друг. Нема индивидуалност, туку само воопштување. Во културата без индивидуалност е возможен растот на култот кон личноста – ако нема личности, тогаш позицијата на Личноста ја добива Лидерот и тој станува личност за сите други. Лидерот станува некаков режисер – тоталитарните водачи се однесуваат кон животот како кон голема сцена. **Хитлер** бил нешто како филмски режисер, сакал да ја сруши декадентната европска цивилизација; **Сталин** пак сакал да го направи светот „тотално уметничко дело" итн.[17] Зошто социјалниот поредок сака живото, човечко ткиво да го претвори во театарско? Одговорот лежи во поимот „перманентна револуција" (смислен од Маркс и Енгелс некаде помеѓу 1845 и 1850). Ултимативно посакуваната револуционерна емоција е целосно садистичко уништување на сѐ околу себе. Кадрите од филмот „Октомври" (1927) на **Ејзенштејн**, во кои војниците влегуваат во винските подруми на Зимската палата и ги кршат скапите шишиња вино и во Русија и во светот набрзо започнале да се третираат како историски, документарни снимки од руската револуција[18].

[16] Slavoj Žižek, *Leninism Today: Zionism and the Jewish Question*. 2002, http://www.lacan.com/zizbarabajal.html.

[17] Suzan Bak-Mors, *op. cit.*, 91.

[18] Исто, 180.

**„Постапи според упатството“**

Социјалниот експеримент *Третиот бран* врз кој е базиран филмот „Бранот“ на Гансел се случува во градот Пало Алто во државното средно училиште „Елвуд Каберли“ во текот на месец април 1967 година. Таа 1967 година е време на Џенис Џоплин, Дорс, ЛСД културата, груви движењето, анти-Виетнам протестите, а во оригиналниот експеримент станува збор за триесет ученици од 10-то одделение, тинејџери од 14 до 16-годишна возраст. Тие потекнуваат од релативно добростоечки семејства и се дел од либералната и отворена култура, кон која припаѓа и **Рон Џонс**, наставникот кој го води експериментот. Џонс верува во индивидуалноста на учениците, не верува во строги правила, во училишното ѕвонче, во читанките или учебниците, но во учебната 1967 година Џонс добива задача да го предава предметот *Час за владеење*. Курсот го доживува како идеална можност да им го објасни феноменот на холокаустот на своите ученици, американските тинејџери, од другата страна на Океанот. Експериментот е иницииран од прашањето кое му го поставува ученик викендот пред предавањата:

> Господине Џонс, ако Германците убиле 6 милиони Евреи, зошто другите Германци само стоеле и не сториле ништо? Мислам, тие ги виделе возовите, виделе дека има кампови, виделе како излегува чад од нив. Зошто не сториле нешто? Зошто не ги запреле?[19]

Поттикнат од прашањето, Џонс одлучува наместо теориски предавања, практично да им покаже на учениците под кои околности обичен човек може да стане шрафче во тоталитарна машинерија. И воедно да го тестира експериментот во своето американско опкружување: Дали слободното општество како Калифорнија во 60-тите може да стане толку подложно на пропаганда, што за кратко време луѓето ќе прифатат диктатура? Џонс ги замислил часовите како лекција како да се биде добар, но тие набрзо се претвораат во лекција за брзината со која луѓето може да ги замразат тие кои не припаѓаат на „групата“.

За оригиналниот експеримент денес знаеме од есејот „Постапи според упатството“ (Take as Directed) кој Џонс го објавува во 1972 и подоцна (1976 г. ) го проширува во есејот со наслов „Третиот бран“. Филмот „Бранот“ (2008) на Денис Ганзел е базиран на есејот на Рон

[19] Morton Rhue, *The Wave*. Penguin Books, 2016.

Џонс. Според есејот на Џонс, денес знаеме дека експериментот имал неколку едноставни етапи. Во понеделникот на 3 април 1967 Џонс на своите ученици им задал само две задачи: да седат мирно во столчињата по 30 секунди, потоа да се наредат исправени до ѕидот и повторно да се вратат на клупите. Втората задача била барање да се чувствуваат како дел од една заедница, која ја објаснил со овие зборови:

> Има убавина во дисциплината. Спортистите мора да работат многу напорно. Секој пристоен научник работи со саати секој ден во текот на многу години за да развие една идеја. Балетаните напорно работат за да ги извежбаат движењата до совршенство. Затоа за почеток седнете соодветно, исправени, не клацкајте се во столчињата, дали се чувствувате подобро? Ако да, ќе започнеме со себе-тренинг, со контрола над своите тела, а ултимативниот триумф ќе биде триумф над нашата волја[20].

Според сведоштвата на Џонс, идејата за рационален ред, дисциплина и потчинување на правилата со зачудувачка брзина им се допаднала на сите ученици во либералното училиште, по што заклучил дека желбата за дисциплина и униформност е дел од социјалниот инстинкт за припаѓање, кој е вграден во луѓето. Во вторникот, Џонс заедницата ја именувал со синтагмата *Трет бран*, според сурферската култура во Сан Франциско и вербата дека третиот бран кој удира на плажата од Океанот е посилен од претходните два. Заедно со името, Џонс побарал од учениците да се поздравуваат со „сурферски поздрав“ кој личел на бран, а го користеле сурферите од малцинските заедници: Хиспано, Азијатите и Афроамериканците на плажите во Пало Алто. Џонс сфатил дека луѓето имаат тенденција да се држат до својата класа, раса, професија, да се дружат со тие со кои споделуваат исти интереси и навики и дека малцинските заедници јавно се поздравуваат меѓусебно на начин кој не бил карактеристичен за доминантно белите жители во Калифорнија. Истиот ден побарал секој ученик од класот да го користи поздравот во форма на бран секогаш кога ќе сретне друг ученик надвор од училницата, по што прогласил дека заедницата станува движење. Воедно објаснил дека дисциплината на еден човек е добра работа, но уште подобра е дисциплината на група

[20] Исто.

луѓе која работи за заедничкото добро и заедничките интереси со цел сите да станат дел од поголем ентитет на кој му припаѓаат. Веќе вториот ден учениците од другите класови побарале да се приклучат кон движењето и од 30 ученици, бројот на членовите вториот ден се зголемил на 43, а до петокот движењето имало над 200 членови. Учениците носеле членски карти на кои пишувало *Трет бран*, секој ученик добил задача: да направи банер, да спречи други ученици кои не се дел од движењето да влегуваат на часовите, вовел иницијација за новите членови, итн. Веќе третиот ден членовите на движењето започнале да ги кодошат учениците кои не ги почитувале правилата на заедницата (поздравувањето и иницијацијата). Четвртиот ден Џонс ја започнал наставата со предавањето кое го нарекол *Значењето на акцијата*. Во предавањето навел дека дисциплината и заедницата се бесмислени доколку недостасуваат акција и одговорност и го подвлекол значењето на гордоста. На своите ученици им рекол дека поздравот и комуналниот дух не се доволни за успешно функционирање на заедницата и дека ќе се приклучат кон поголемо движење, кое ќе биде идната политичка партија во Америка.

Уплашен од брзината со која идејата за припадност се раширила во училиштето, Џонс одлучил последниот ден да го запре процесот на унификација, откако видел дека движењето излегува од контрола, а дека лојалноста на учениците во само четири училишни дена станува опасна и наместо лекција за тоталитаризам, самиот експеримент потврдува дека учениците стануваат носители на идејата за тоталитарноста. Последниот ден ги повикал учениците на задолжителен митинг, каде наместо ветеното обраќање за наводниот нов политички правец во Америка, во училишниот амфитеатар на своите ученици им се обратил со зборовите дека „Лидер не постои“, дека биле дел од експеримент за тоа колку е лесно индивидуалци да станат дел од заедничко движење и пуштил документарен филм од митингот на нацистите во германскиот град Нирнберг. Дел од учениците го напуштиле предавањето, неколкумина го скршиле телевизорот, а експериментот завршил.

За настаните од тие пет дена, освен двата есеи на Рон Џонс, денес сведочат и двете кратки вести во локалниот училиштен весник, првата од 21 април 1967 со наслов „Третиот бран дава увид во фашизмот“ при што биле интервјуирани половина од учениците во класот на

Џонс кои ги потврдиле настаните од експериментот. Во 1981 година беше објавена книгата *Бранот* од Тод Штрасер. Истата година е снимен телевизискиот филм „Бранот“ на Норман Лер, а во 1984 романот *Бранот* на Штрасер е преведен во Германија и станува лектира во училиштата. Настаните во филмот на Гансел се преработени на подраматичен начин одошто бил фактичкиот социјален експеримент и тие не одговараат целосно на реалноста. Во реалноста експериментот е прекинат по говорот на Рон Џонс, додека во филмот на Гансел се случува убиство и самоубиство. Со темата на тоталитаризмот Гансел се занимава и во други свои филмови, како што е филмот „Пред падот“ од 2004 година во кој е портретирана група на млади луѓе. Тие не се нацистички монструми како што ги проучуваме во историјата, туку група од релативно наивни германски момчиња кои стануваат дел од националсоцијалистичката елита во Германија.

**Психологијата и филозофијата на авторитарноста**

Што е причината луѓето да бидат привлечени и да учествуваат во авторитарните идеологии? Одговорите од социјалниот експеримент и од филмот „Бранот“ се застрашувачки едноставни. За да бидат луѓето привлечени кон авторитарноста потребни се следниве нешта: супериорен лидер, стриктна дисциплина, униформирање на облеката со цел да се минимизираат разликите во групата, едноставни симболи, поздрав кој ќе ги унифицира учесниците, заедничко име (nomen est omen), почитување (сите кои нема да ги прифаќаат правилата на групата се предмет на прогон), суспендирање на надворешните правни и политички закони и правилници за работа и нивна замена со законите на *претполитичкото братство*.

*Третиот бран* покажа дека подемот на автократијата не е само прашање на политика или на национална идеологија, туку во голем дел и прашање на психологија. Во филмот на Гансел има јасно отсуство на политички ставови кај сите членови од групата. Наставникот навистина повремено зборува за политички теми, но општи теми за социјалната алиенација, глобализмот, капитализмот и материјализмот. Во една сцена од филмот двајца ученици зборуваат дека им е здодевно, а еден од учениците вели: „Повеќе ништо нема значење. Ние сакаме само забава. На нашата генерација ѝ недостига нешто да ја обедини“.

Најзачудувачкиот аспект на социјалниот експеримент е дека брендирањето на учесниците се случува во најкратко можно време! И едно од најплаузибилните објаснувања за подемот на авторитарноста, но и колективните движења е дека луѓето едноставно сакаат да припаѓаат и да бидат силни. Иако постојат различни толкувања, *Третиот бран* навистина се случил во само четири дена, учениците навистина учествувале доброволно и дека сите нив социјалниот инстинкт ги навел да бидат дел од униформноста. Еден од учениците кој подоцна го опишува Рон Џонс како харизматичен лидер („Човек кој може да продава клима уреди во Аљаска“), остава сведоштво дека секој ученик сакал да биде дел од часовите. Иако денес трите социјални експерименти кои се предмет на овој текст се начелно забранети освен со посебни дозволи и во строго контролирани околности, во 1992 во едно средно училиште од Чикаго, Илиноис, беше повторен експериментот *Третиот бран* со ученици од 13-годишна возраст, а во 2006 е повторен уште еднаш во средно училиште на Флорида со помлади ученици. Во сите случаи, експериментот покажал дека учениците доброволно се приклонуваат кон поголема инстанца на која сакаат да припаѓаат.

Како да се објасни овој феномен? Во гранката на психологијата која се занимава со психологијата на масата се вели дека луѓето сакаат да бидат дел од поголеми заедници, пред сè, затоа што така се стекнуваат со *директен пристап* до огромна моќ! Иако знаат дека психологијата на масата е различна од психологијата на индивидуалците кои се дел од неа, луѓето свесно ја предаваат својата различност со цел да припаѓаат кон една заедница која има своја униформност, лидер и каде што постои и јасно дефиниран непријател! Тоа го знаеме и од историјата. Во 1919 година **Адолф Хитлер** е ветеран од Првата светска војна и се приклучува во мала партија со име *Германска работничка партија*, која тогаш има само 6 активни од вкупно 25 члена! Во 1920 Хитлер воведува едноставна програма со 25 точки, кои се генерално составени од националистички, расистички и полуантисемитски барања. Веќе во 1933, партијата има членство од околу 7 милиони!

Во филозофската литература постојат цела плејада автори кои се занимаваат со прашањето на авторитарноста. Дел од таа литература се однесува на т.н. идеологија на братството (терминот е на **Жак Дерида** во книгата *Политики на пријателствата*), каде е елаборирано дека

луѓето сакаат да учествуваат во колективните спортови, во воените академии, фратернити клубовите, пред сѐ, за да се чувствуваат како дел од поголемата заедница од само себеси, дури и ако условот е да бидат објект на ментално и физичко малтретирање. Друго објаснување е т.н. теорија за когнитивната дисонанција. Кога луѓето се соочени со идеологијата, тие се обидуваат да ѝ се потчинат и да се деперсонализираат. Според **Леон Фестингер**, авторот на теоријата на когнитивната дисонанција, луѓето сакаат да имаат конзистентност во своите сознанија, верувања и мислења, а доколку се појави дисонанција помеѓу мојот став (на пр., „Светот е добар“) и однесувањето на луѓето во светот („Некој се однесуваше лошо кон мене“), луѓето имаат тенденција да ја премостат таа дисонанција. Во филмот на Гансел јасно се гледа како функционира културата на пропаганда и дека луѓето во принцип сакаат „брендирање“, иако вокално му се опонираат. Тоа значи дека луѓето поретко ја избираат слободата одошто мислат дека ја избираат и тие почесто сакаат да ја следат туѓата идеја за тоа што е слобода. Дури и кога може да ја одбијат туѓата идеја, најчесто не го прават тоа и ја рационализираат својата одлука што е тоа слобода.

Во теоријата правиме разлика помеѓу авторитарноста и тоталитарноста. Авторитарноста ја има таму каде што постои чиста команда: „Мора да го направиш ова без приговор, бидејќи јас ти велам така“, а следува награда или казна во однос на однесувањето на човекот. Тоталитаризам има кога авторитарноста е комбинирана со идејата за „повисока Цел“, заедничко добро, нешто кое е поголемо од субјектот, а може да биде буквално секаква содржина, од идејата за нација, религија, партија, држава, до сосем конкретни барања. Во извесна смисла директен авторитаризам и не постои. Дури и најапстрактните авторитарни режими секогаш евентуално ќе се повикаат на некое „повисоко Добро“, и дека нештото „мора да се стори“ заради идејата која е повисока и од заеднички интерес. Тоталитаризмот на субјектот му наметнува идеја дека тоа што го прави е добро за него/неа, дури и кога е спротивно на личниот интерес и, интересно, но редовно ја вклучува и темата на личната среќа која ќе следува како последица на политичкиот фактор. Либерализмот во таа смисла не е особено различен, освен што се обидува да го прекрие парадоксот на среќата, па либералот ќе рече оти не вели дека следењето на наредбата да се

биде либерал е добро за следбеникот, но „увидот" го префрлува на самиот следбеник и му вели, не знам дали е добро за тебе да бидеш дел од либералната култура, но доколку погледнеш длабоко во себеси самиот/самата ќе го знаеш одговорот.

Филмот „Бранот", како и социјалните експерименти од XX век фрлија светлина врз повеќе важни прашања на филозофијата. Дали диктатурите се раѓаат од рационални и политички причини или се резултат и на човечката психологија која не е целосно резултат на слободната волја? Колкав дел од моралот е резултат на идејата за доброто по себеси, а колкав дел е резултат на вградените инстинкти за опстанок на човекот? Дали диктатурите оперираат само со армии и воена сила, или сепак, улога игра и човечката потреба за припадност преку филозофската и политичката идеја за „братството"? И *Третиот бран* и *Затворскиот експеримент од Стенфорд* покажаа дека радикализирањето на групите трае буквално пет, односно шест дена и дека кохезијата на индивидуите околу заедничката идеологија оди зачудувачки брзо. Вознемирувачкиот аспект на социјалните експерименти од XX век ги покажа динамиката и брзината со која луѓето се потчинуваат на авторитарноста, иако знаат дека слепото почитување на водачот е лошо и дека нанесува зло на други луѓе. Дури и кога се свесни дека авторитарноста е лоша („Секако дека разбираме дека нацистите направиле масовни злосторства"), кога се ставени во улога да почитуваат авторитети, луѓето, сепак, одлучуваат да почитуваат авторитарни наредби и тоа го прават по сопствен избор, диктиран од импулси кои одат од онаа страна на нивните лични уверувања во концептите на доброто и злото.

## Наместо заклучок:
## Моралот, слободната волја и теоријата на мислењето

Резултатите од социјалните експерименти од XX век ја отворија непријатната вистина дека луѓето всушност не одлучуваат според заклучоците од своите ментални увиди, ниту според моралот. Како да се објасни овој парадокс?

На помош ќе ја повикаме првата книга од областа на психоанализата и првиот обид за пишување научна книга за психологијата, обид да се постави психологијата како природна наука. Станува збор

за книгата *Скица за научна психологија* (1895) каде Зигмунд Фројд за првпат го развива концептот на *психичката реалност* и вели дека има три реалности: *мисловната реалност* (thought reality), *надворешната реалност* (external reality) и *психичката реалност* (psychic reality) со која објаснува дека во реалноста на субјектот постои слика што не се совпаѓа нужно со таа што се случила во реалноста[21]. Луѓето честопати го фабрикуваат светот каков што го доживеале, а врската помеѓу надворешната реалност и внатрешната психичка реалност не е целосно идентична. Според Фројд, главната задача на менталниот апарат е жонглирање помеѓу двете реалности: физичката (надворешната) и психичката (внатрешната), согласно на принципот на задоволство. Основниот пат според кој се „помируваат" разликите помеѓу двете реалности е обидот да се задоволи принципот на задоволство, но воедно да се задоволат и моралните мотиви. Со други зборови, луѓето ја калибрираат сопствената *психичка реалност* да биде барем делумно во комуникација со *надворешната реалност*. Невропсихологот Марк Солмс, во книгата *Клинички студии во невропсихоанализата* (2002) ги потврди наодите на Фројд дека постои такво нешто како неспособност да се раздвои реалноста од менталната проекција на реалноста и дека луѓето имаат тенденција да не прават разлика помеѓу двете реалности[22]. Фројд бил окупиран со прашањето зошто правиме така мала разлика помеѓу сеќавањето и халуцинацијата и способноста за халуцинација ја припишал на неможноста на егото во сите случаи да ја овладее реалноста. Фројд генерално не правел разлика помеѓу мислењето и чувствувањето и сметал дека мислата е идентична на емоцијата. Кога луѓето мислат, тие само се обидуваат да се ослободат од тензијата кога треба да одлучат (морално) за околностите од надворешниот свет. Во сето останато време, луѓето не се особено мислечки битија. Она што го нарекуваме мислење, за Фројд не е ништо друго освен некаков *резидиум*, *остаток од размислувањето*. За него, мислењето не може да се појави во тотална и задоволувачка форма.

[21] Peter Fonagy and Mary Target. 1996. "Playing With Reality: I. Theory of Mind and the Normal Development of Psychic Reality", *International Journal of Psycho-Analysis*, No. 77, 1996, 217.

[22] K. Kaplan-Solms, and M. Solms. 2002. *Clinical Studies in Neuro-Psychoanalysis*. Second Edition, Foreword by Arnold Z. Pfeffer, Karnac Books, New York, London, p. 50.

Тоталното мислење би било укинување на реалноста, па во природата на мислењето е да биде секогаш веќе *половина мислење*, недоволно мислење, исцедок од мислењето. Човечкиот ум не е способен за генијалното, брилијантно мислење, оти тоа би ја порекнало стварноста, а со тоа мислењето би се порекнало самото себеси. Основната биолошка и функција на опстанок на мислењето е да биде гаранција дека таму надвор постои реалноста и дека таа не е фикција!

Мислењето се јавува како резултат на биолошката потреба да се пресуди, да се вреднува дали ова што го гледам пред мене е реалност или халуцинација. Мислењето е потреба на организмот да „пресуди" помеѓу желбата и реалноста. Дали мнемичката слика што ја мислам е идентична со предметот што го гледам пред себе. Ако гледам извесни непреклопувања, тогаш мора да ја вклучам мисловната активност, чија задача ќе биде да го одреди степенот на тоа непоклопување. Во моментот кога ќе се случи идентификацијата („Ова јадење пред мене навистина постои"), тој момент потребата од мислењето завршува и затоа за психоанализата, мислењето, всушност, и не е постојана активност! Мислењето и расудувањето се само операции кои имаат свој конкретен завршеток, операции чија задача е да ја потврдат перцепцијата! Во чисто апстрактна смисла ова значи дека мислењето нема биолошка оправданост. Тоа служи само за осигурување на важната операција на опстанокот – правење разлика помеѓу реалноста и фантазијата. За Фројд доколку мислењето нема свој завршеток (препознавање и идентификација на реалноста), тогаш тоа мислење ќе се врти во круг и ќе нема употребна вредност.

Ако ги сумирам тезите за мислењето од книгата *Скица за научна психологија* тогаш се доаѓа до следниве заклучоци: 1) Мислењето најчесто се сведува на препознавање како *пресудување*, кое како такво и не е сосема мислење, а освен тоа нема своја цел, пресудувањето е бесцелно. (Мислењето може да се јави и како *репродуктивно мислење*, но тоа речиси секаде се сведува на препознавањето), и 2) Мислењето може да се јави и во форма на „чистото мислење" (термин на Фројд), но последново нема никаква вредност за опстанокот, освен нејасната употребна вредност во некоја потенцијална иднина. Исто така, „чистото мислење" нема свој крај, со кој би се ослободила тензијата од катексираните неврони, што би резултирало со задоволство, како една

од двете главни одлики на Егото (заедно со пресудувањето). Оттука, „чистото мислење" освен што е помалку вредно од пресудувањето кое и не е мислење, и освен што нема конкретна употребна вредност, исто така, е и извор на незадоволството, па мислителот е човек кој е постојано незадоволен! И конечно, според Фројд, постојат два типа мислење, кои се однесуваат на *два типа реалности*. Когнитивното и пресудувачкото мислење се однесуваат на *телесната катекса*, а репродуктивното мислење се однесува на *психичката катекса*. Првото мислење е препознавање и потврдување на идентитетот, а второто на ниво на психата!

Мислиме дека мислењето и нашите капацитети за расудување на доброто и злото му се дадени на човекот. Но, психоанализата фрли непријатно светло врз капацитетите на човекот да мисли, а социјалните експерименти од XX век тоа го потврдија. Мислењето не му е дадено спонтано на човекот, ниту му е природено. Во визурата на психоанализата, човекот има минимални способности за владеење со својот мисловен апарат, како и со моралните дилеми. Само еден тип мислење, според Фројд, има своја биолошка вредност – *практичното мислење*. Иако когнитивното мислење е добро, сепак, тоа е само „подготовка за практичното мислење". Оттука парадоксот, иако практичното мислење се развива пред когнитивното, сепак, когнитивното е само претходница на практичното. Овој парадокс на времето и мислењето Фројд го сметал за инхерентен дел на интелектот: иако субјектот треба да мисли за да може да се снајде, тој/таа, пред сѐ, треба да се снајде, а не да мисли! Оттука секое когнитивно мислење е *луксуз*, а освен тоа и привлекувач на разни пороци и бројни опасности: пристрасност, нецелосност, бескорисност, а како што видовме во ситуацијата со социјалните експерименти, во извесна смисла и самото мислење е само форма на *дејствување*. Најкратко речено, за психоанализата човекот е организам кој не работи против своите интереси, додека „мислечкиот човек" се одвојува од „нормалниот психички процес" и станува плодна почва за контрадикторни мисли и желби.

Социјалните експерименти од XX век, како и филмот „Бранот" на Гансел, во извесна мера го потврдија токму овој комплексен увид во начините на кои функционира човечкото суштество, како и фактот дека моралот и слободната волја се условени од биолошките основи на

мислењето. И тоа ги прави луѓето отворени за авторитаризам повеќе одошто етиката би сакала да верува.

## БИБЛИОГРАФИЈА:

Арент, Хана, *Ајхман во Ерусалим*. Темплум, Скопје, 2003.
Bak-Mors, Suzan, *Svet snova i katastrofa*. Beokrug, Beograd, 2005.
Bond, Michael, "I Walk in Ghosts and Shadows". *New Scientist*, 23 februari, 2008.
Freud, S. and Breuer, J. „Preface to the Second Edition of Studies on Hysteria", in: *The Standard Edition of the Complete Psychological Works of Sigmund Freud*, Volume II (1893-1895), 1908.
Fonagy, Peter and Target, Mary. 1996. "Playing With Reality: I. Theory of Mind and the Normal Development of Psychic Reality", *International Journal of Psycho-Analysis*, No. 77, 1996.
Jaspers, Karl, *The Question of German Quilt*. Fordham UP, 2001.
Kaplan-Solms, K. and Solms, M. *Clinical Studies in Neuro-Psychoanalysis*. Second Edition, Foreword by Arnold Z. Pfeffer, Karnac Books, New York, London, 2002.
Константиновиќ, Радомир, *Филозофија на паланката*. Лист, Скопје, 2000.
Marić, Milomir, *Deca komunizma*. Mladost, Beograd, 1988.
Rhue, Morton, *The Wave*. Penguin Books, 2016.
Šekspir, Viljem, *Hamlet*. Izdavačko preduzeće "Rad", Beograd, 1962.
Žižek, Slavoj, *Leninism Today: Zionism and the Jewish Question*, 2002, http://www.*lacan*.com/zizbarabajal.html.
Žižek, Slavoj, *The Universal Exception*. Continuum, London, New York, 2006.